# I. Економски движења во Република Македонија

## Основни индикатори за економските движења

| | | Износ | Тековен месец / претходен месец | Тековен месец / ист месец од претходна година | Период / ист период од претходна година |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | во % | |
| **Трошоци на животот** | IX.2003 | - | 0,2 | 2,0 | 0,9 |
| **Цени на мало** | IX.2003 | - | 0,4 | 3,2 | 2,4 |
| **Цени на производители на индустриски производи** | IX.2003 | - | 0,3 | -0,6 | -0,1 |
| **Индустриско производство** | IX.2003 | - | 71,9 | 33,5 | 7,3 |
| | | во милиони денари | | | |
| **Вкупен промет во трговија** | VIII.2003* | 16.299 | -4,9 | 58,6 | 23,3 |
| **Извршени градежни работи** | VIII.2003* | 936 | 50,0 | 2 пати | -19,2 |
| | | во денари | | | |
| **Номинална просечна нето плата** | VIII.2003* | 11.961 | 1,0 | 2,5 | 5,7 |
| **Реална просечна нето плата** | VIII.2003* | - | 0,9 | 0,3 | 4,9 |
| | | во милиони денари | | | |
| **Буџетски приходи** | IX.2003 | 4.647 | 28 | 1,4 | -5,5 |
| **Буџетски расходи** | IX.2003 | 5.161 | 26,7 | -4 | -15,8 |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија и Министерство за финансии.
*Последен расположлив податок од Државниот завод за статистика

## 1.1. Цени

*Трошоците на животот во септември 2003 година беа повисоки за 0,2% на месечна основа....*

Месечната стапка на инфлација мерена преку индексот на трошоците на животот, во септември 2003 година изнесуваше 0,2%. Месечната промена се должи на дивергентноста во движењата кај главните категории на трошоци кои ја сочинуваат структурата на индексот. Така, месечен пораст е регистриран кај трошоците за сообраќајни средства и услуги, култура и разонода, облека и обувки и домување, додека пониски беа трошоците за исхрана, за тутун и пијалоци и за хигиена и здравје. Структурно анализирано, трошоците за услуги остварија поинтензивен месечен пораст (1,0%), наспроти минималниот пораст на трошоците за стоки (од 0,1%). На годишна основа, трошоците на животот беа повисоки за 2,0%, што се должи на повисоките трошоци за услуги за 7,2%. Притоа, просечната стапка на инфлација, анализирано од почетокот на годинава, бележи постојан пораст и достигна 0,9% (што е во рамки на очекуваното ниво за крајот на годината).

*...со што просечната стапка на инфлација достигна 0,9%*

Графикон 1
Трошоци на животот
(во %)




*Во септември 2003 година цените на мало оствариja месечен пораст од 0,4%...*

Цените на мало во септември 2003 година беа повисоки за 0,4% во однос на претходниот месец. Порастот се должи на повисоките цени на непрехранбените индустриски производи за 0,6% (поради повисоките цени на нафтените деривати за 2,7%). Од друга страна, цените на земјоделските производи беа пониски за 0,6%, поради пониските цени на овошјето за 10,0%, наспроти порастот на цените на зеленчукот за 5,0%. Минимален пад е регистриран кај цените на индустриско прехранбените производи од 0,1% и пијалоците од 0,2% (поради пониските цени на безалкохолните пијалоци за 0,7%). Структурно анализирано, цените на услугите оствариja повисок пораст (0,5%) од порастот на цените на стоките (0,3%). Во однос на истиот месец од претходната година, цените на мало беа повисоки за 3,2%, што главо се должи на годишниот пораст на цените на пијалоците (од 7,1%) и непрехранбените индустриски производи (од 2,8%). Просечна стапка на пораст (2,4%) остварена во досегашниот период од годината е главно детерминирана од повисоките цени на услугите (за 5,6%).

*...и просечен пораст од 2,4%*

Графикон 2
Цени на мало
(во %)




*Месечен пораст на цените на производителите на индустриските производи од 0,3% во септември 2003 година...*

Во септември 2003 година, цените на производителите на индустриски производи остварија идентичен месечен пораст како и во претходниот месец (од 0,3%). Порастот се должи на зголемените цени на производителите на енергија за 1,5%, имајќи предвид дека цените на производителите кај останатите главни групи на индустриски производи се задржаа на нивото од претходниот месец. Секторски анализирано, само во преработувачката индустрија е регистрирана месечна промена на цените (умерен пораст од 0,4%), детерминиран од повисоките цени на производителите на нафтени деривати (за 4,3%), додека во останатите два сектора цените беа непроменети во однос на претходниот месец.

Графикон 3
Цени на производителите на индустриски производи
(во %)




*...при регистриран пад од 0,1% на кумулативна основа*

На годишна основа, цените на производителите на индустриски производи беа пониски за 0,6%, главно поради пониските цени на производителите на енергија, капитални производи и нетрајни производи за широка потрошувачка. Притоа, трендот на постепено опаѓање на просечната стапка на пораст продолжи, при што во септември, за прв пат оваа година беше регистран пад (од 0,1%).